# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk

Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## МАЈ 2025 г.



**Градската депонија во Кочани не смее да биде критична точка за загадување на воздухот**

В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, Празникот на трудот, 1 Мај го помина работно, придружувајќи ги комуналните екипи коишто работеа на уредување на Градската депонија во Кочани.

– Состојбата на депонијата мора да ги задоволува критериумите за Кочани да има чист воздух и здрава животна средина. Денеска работевме на Градската депонија, го средивме натрупаниот отпад, воспоставиме ред при истоварувањето, сѐ со цел во пресрет на летниот период таа да биде уредена и да не претставува критична точка за аерозагадување. Направивме видеоснимка достапна на фејсбук-страницата на Општина Кочани, којашто ја покажува разликата од претходната и сегашната состојба. Општина Кочани ги презема сите законски мерки Градската депонија да функционира нормално до завршување на проектот за регионална депонија. Грижата за чист воздух и здрава животна средина се приоритет, особено што овој период од лекување се враќаат млади со ранливи дишни патишта – соопшти за јавноста Крстевски.



**В. д. градоначалникот на Кочани Венко Крстевски се вклучи во екипи за средување на Кочани**

Вработени во Комунална хигиена и Паркови и зеленило во КЈП „Водовод“, Празникот на трудот, 1 Мај го поминаа работно, расчистувајќи ги јавните површини од отпад и уредувајќи ги зелените делови по текот на Кочанска Река.

Со нив беше и в. д. градоначалникот на Кочани Венко Крстевски, кој лично помагаше во одржувањето на јавната чистота истакнувајќи дека Кочани мора да го врати ликот на чисто и урбано место.

<table>
<tr><td></td><td>– Градот мора да го средиме, само вредно и со постојана работа ќе успееме да направиме промени. Во Кочани веќе нема место за неработници, нема боја, нема страна и најбитно од сѐ нема партиска машинерија што ги штити. Времето на злоупотреба е завршено – истакнува в. д. градоначалникот.<br><br>Од самото стапување на функцијата вршител на должноста градоначалник, Крстевски успеа да го поттикне и граѓанскиот активизам со вклучување на поголеми групи граѓани што ја средуваат непосредната околина во микрозаедницата каде што припаѓаат. Пример за тоа беа жители на Белското Маало коишто го доведоа до состојба на користење обраснатото во трева и напуштено детско игралиште и го собраа расфрланиот отпад од околината. Следејќи го нивниот пример, граѓани од различни локации најавуваат поддршка на акцијата за комунално уредување на Кочани.</td></tr>
<tr><td></td><td>Општина Кочани објави огласи за три јавни набавки: за отстранување нелегални објекти, за булдожер за потребите на Градската депонија и за асфалтирање улици<br><br>Во контекст на актуелните заложби за решавање на проблемите со дивоградбите кај угостителските објекти во Кочани, службите за јавни набавки во Општина Кочани објавија оглас за отстранување нелегални објекти. Проценетата вредност за оваа набавка е 847.457,63 ден. без ДДВ, а понудите се доставуваат до 20 мај 2025 г.<br>Заради редовно и непречено одржување и третман на Градска депонија во Кочани, на Електронскиот систем за јавни набавки е објавен оглас за набавка на половен булдожер. Проценетата вредност на машината е 1.864.407,00 ден. без ДДВ, а понудите се доставуваат до 16 мај.<br><br>Во тек е јавната набавка за реконструкција и рехабилитација на улиците: „Цар Самуил“, „4 Македонска бригада“ и „Христијан Карпош“ во Кочани, како и „Сребрен Димитров“ во с. Прибачево и „Мите Јорданов“ во с. Тркање. Проценетата вредност е 7.118.644,07 ден. без ДДВ, а рокот за доставување на понудите е до 19 мај 2025.</td></tr>
<tr><td></td><td>Продолжува уредувањето на зелените површини во Кочани<br><br>Комуналните служби од Општина Кочани продолжуваат со косењето и уредувањето на јавните тревни површини во Кочани.</td></tr>
</table>



Екипите работеа во месностите Бавчалук и Тикешински Лозја, на локацијата на Панаѓурот, каде што се доуредуваа косините на теренот, кај Ловниот дом и Салата за гимнастички спортови „Партизан“, во околината на објектот на Детската градинка „Павлина Велјанова“ кај „Руен“, на западната страна од Трговскиот центар блок А. Исто така се уреди и разделното зеленило кај СОУ „Гошо Викентиев“ и дрворедот на „Роза Петрова“ кај „Белведере“ и на други локации.

Одделението за комунални дејности во Општина Кочани ги повикува граѓаните да дадат поддршка во одржувањето на зелените површини – да не ги загадуваат и уништуваат тревниците, дрворедите и поставената урбана опрема.



**Саниран дефект на цевководот од системот за водоснабдување во Кочани**

Жители од високата водоснабдителна зона во Кочани, неколку месеци се соочуваа со недостиг на вода.

КЈП „Водовод“ ја поправи пукнатата цевка што поврзува три бунара и ја носи водата до собирниот резервоар во Препумпната станица во Грдовци.

– Цевката не беше во функција и од тие три бунара се црпеа само 40 литри во секунда, или вкупно од целиот систем – само 200 литри во секунда. Со отстранувањето на дефектот, којшто е настанат во средината на јануари, ќе се дистрибуира вода со вкупен капацитет од 240 литри во секунда. Со полнењето на целиот систем со вода, ќе се пуштат и сите препумпни станици низ Кочани, со што ќе се нормализира комплетното водоснабдување во Кочани – соопшти в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски.

Крстевски додава дека со вредна и посветена работа се решаваат голем дел од наследените проблеми кои се провлекувале подолг период.



**В. д. градоначалникот на Кочани Венко Крстевски – на работна средба со заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски**

По средбата со заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски се враќа со одлични вести.

Заблагодарувајќи се за разбирањето и поддршката на Кочани, Крстевски соопшти дека заменик-министерот Ѓоко Велковски дал начелна поддршка и заложба за

| | |
|---|---|
| | решавање на двете горливи прашања за Кочани: изградбата на дом за стари лица и пуштањето во употреба на изградената детска градина во Драчевиќ, „Детелинка“.<br><br>За Домот за стари лица Општина Кочани веќе поднесе проект за реализација на определената локација во поранешната касарна „Гоце Делчев“, а за новата детска градинка се потребни согласности од ресорното министерство за нови вработувања и поправка на неколку дефекти на објектот, на што би требало да се одговори во наредните два месеца.<br><br>На средбата со заменик-министерот Велковски е најавено и опремување на кујна за потребите на Детската градинка „Павлина Вељанова“.<br><br>Кочани има околу 8 000 пензионери и 200 деца на листа на чекање за прием во градинка. |
|  | **Кочански училишта му должат на КЈП „Водовод“ 10,5 милиони денари**<br><br>Средните и три основни кочански училишта направиле долг од неплатени сметки кон КЈП „Водовод“ во вкупен износ од 10.516.138 денари.<br><br>Ова е констатирано при увидот на в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски во работата на КЈП „Водовод“, односно при утврдувањето на најголемите должници од редот на правните субјекти.<br><br>Највисок долг има ОУ „Никола Карев“ – 5.631.534 ден., а по него се двете средни училишта, „Гошо Викентиев“, кое должи 1.851.584 ден. и „Љупчо Сантов“, кое е со долг од 1.265.163 ден. ОУ „Раде Кратовче“ има неплатени сметки во износ од 950.838 ден., а ОУ „Св. Кирил и Методиј“ му должи на „Водовод“ 817.019 ден.<br><br>Основните училишта „Малина Попиванова“, „Крсте Петков Мисирков“, ОМУ „Ристо Јуруков“, како и ЈОУ Детска градинка „Павлина Вељанова“ немаат долгови за вода.<br><br>– Ова се милионски долгови коишто се толерирани долго време. Срамно е КЈП „Водовод“ да ги дава на извршител граѓаните со долг од по 3-4 илјади денари, а да не постапува соодветно кон правните субјекти што се должници. Наредниов период ќе излеземе со целосен список на сите должници кон „Водовод“. Целта е сите пари да се приберат за да се направи функционално кочанското комунално претпријатие, затоа што токму ненаплатените приходи го довеле до загуба и блокада – истакнува в. д. градоначалникот на Општина Кочани. |

| | |
|---|---|
| | Крстевски најави финансиска ревизија на КЈП „Водовод“, со која точно ќе го дефинира долгот на претпријатието, кој неофицијално е над 4 милиони евра. |
|  | **„Простор за поддршка“ – бесплатни групни работилници за справување со траума и загуба**<br><br>Наскоро, стручниот тим на Психолошкиот центар Алтернатива – Групација Алтернатива започнува со групни разговори – работилници за справување со траума и загуба и за ментално зајакнување, наменети за млади, семејства и професионалци, директно или индиректно погодени од трагичниот настан во Кочани.<br><br>Искусни стручњаци, психолози и психотерапевти отвораат простор за разговор, стабилизација, поддршка и справување со емоции. Работилниците се целосно бесплатни и доверливи, со цел да се обезбеди сигурно и безбедно место за младите во Кочани, коишто се борат со емоциите.<br><br>Контакт за пријава или дополнителни информации можат да се добијат на телефонскиот број 078 313 306.<br><br>Реализацијата на проектот е овозможена од dm Македонија во соработка со стручниот тим на Психолошкиот центар Алтернатива – Групација Алтернатива, со поддршка од Општина Кочани. |
| <br> | **Генералка викенд во Кочани**<br><br>Околу 200 учесници од различни возрасти, професии, институции и граѓански здруженија се вклучија во најголемата национална акција за чистење и селектирање отпад – Генералка викенд во Кочани.<br><br>Годинава акцијата во Кочани ја координираа физички лица, поединци кои упатија апел за поголема грижа за јавната хигиена и за селектирањето на отпадот во секојдневното живеење.<br><br>Поддршка на акцијата даде и в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, кој истакна дека минатите две седмици комуналните служби направија силни напори Кочани полека да ја доведе на повисоко ниво чистотата на јавните површини.<br><br>Собраниот отпад во акцијата Генералка викенд ќе се мери, ќе се рециклира, а дел ќе се транспортира на Градската депонија. |





**Се одржа 4. Меморијален турнир во шах во чест на Тодор Милосиев-Тошо**

Во организација на Шаховскиот клуб „Кочани“, се одржа 4. Меморијален турнир „Тодор Милосиев-Тошо“. Во спомен на долгогодишниот претседател, шаховски тренер и еден од најактивните членови на Шаховскиот клуб, настапија 20 учесници од најразлични возрасти.

Првото место на турнирот го освои интернационалниот шаховски мајстор Ванчо Стаменков, второто – Гоце Ѓорѓиев, а третото – Бошко Стаменков.

– Пред 20-ина години, имав чест да ја учам шаховската игра од Тодор Милосиев. Тој беше вицешампион во проблемски шах на ниво на Југославија, беше претседател на клубот кога „Кочани“ и „Алкалоид“ го делеа првото место на Државниот шампионат во 2012 година и кога „Кочани“ учествуваше во шаховската Лига на шампиони.

Наша задача е, повторно да го вратиме Кочани во редот на најшаховските градови. Тоа ќе го направиме преку иницијативи како што е „Шах за секое дете“, потоа со пренесување на знаењето од кочанските врвни шахисти на младите и со организација на квалитетни турнири – истакна во обраќањето в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски.

Меморијалниот шаховски турнир „Тодор Милосиев-Тошо“ се реализира со финансиска поддршка од Општина Кочани, со средства од Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите.





**Улицата „Генерал Апостолски“ се подготвува за асфалтирање**

На улицата „Генерал Апостолски“, којашто ги поврзува катастарските општини Кочани и Оризари, продолжуваат градежните активности.

Изведувачот на работите „Коле-транс инженеринг“ од Штип работи на тампонирање и подготовка за асфалтирање на коловозот и на велосипедската патека на оваа улица. Тротоарите од двете страни, со ширина од 2 м, веќе се изведени.

Кракот од улицата „Генерал Апостолски“ е долг 223 м, со ширина од 6,5 м, со велосипедска патека широка 1,5 м.

За изградба на оваа улица Општина Кочани намени 5.760.618 денари од сопствениот буџет.

Улицата „Генерал Апостолски“ е пробиена пред повеќе од 30 години, но досега не беше асфалтирана.

| | |
|---|---|
|  | **Општина Кочани и „Амфенол технолоџи Македонија“ отпочнуваат со решавање на деценискиот проблем на жителите од селото Тркање**<br><br>В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски одржа работен состанок со раководството на „Амфенол технолоџи Македонија“, на кој се дискутираше за проблемот со тешките товарни возила, со кој се соочуваат жителите на Тркање.<br><br>На состанокот е договорено, врз основа на донесените инфраструктурен и идеен проект, да се изработи основниот проект за новиот пат за поврзување на м. в. Цацков Бунар со постоечкиот алтернативен пат Кочани – Тркање. Се очекува проектантите во најкус можен рок да го изработат основниот проект.<br><br>Во меѓувреме Општина Кочани ќе отпочне со експропријација на трасата предвидена во идејниот проект за овој пат.<br><br>Откако ќе биде изработен основниот проект, изградбата на дел од патниот правец ќе биде финансирана од страна на „Амфенол технолоџи Македонија“, сè со цел за 3-4 месеца да се реши проблемот на жителите на Тркање.<br><br>Како привремено решение, Општина Кочани веднаш ќе започне со санирање на оштетените делови од патот со тампонирање и валирање.<br><br>В. д. градоначалникот Крстевски се надева дека ќе се реши уште еден децениски проблем, за што бара разбирање од жителите на селото Тркање. |
| <br>Општина Кочани | **Информација од в. д. градоначалникот Венко Крстевски по прес-конференцијата на директори на кочански училишта**<br><br>Го разбирам стравот на директорите на училиштата, коишто не ги плаќале сметките кон КЈП „Водовод“. Тој е оправдан.<br><br>Како работеле тие, ќе ви покажам со факти и документи, коишто партиски претставник нема да ги прикаже, а кои ја соголуваат злоупотребата на партиската моќ.<br><br>Ќе објаснам да може секој да ме разбере.<br><br>Со одлука со критериум за распределување на блок-дотации на основните и на средните училишта се дефинирани фиксните и варијабилните трошоци на училиштата. |

| | |
|---|---|
| <br>Општина Кочани | Во документот со бр. 05-1651/1 од 11.11.2024 година се прикажани фиксните трошоци коишто треба да бидат доволни за покривање на обврските, при што не треба да се дозволи да се натрупуваат долгови.<br><br>Одредени директори вршеле злоупотреба на критериумот за распределба со тоа што вештачки ги пумпале фиксните трошоци. Подоцна во предлог-буџетот, износот на овие фиксни трошоци го распределувале за нефункционални цели и училиштата ги трупале со долгови.<br><br>Намената на критериумот е средствата да бидат распределени според површината на училиштето и според бројот на учениците и – да не дојде до заостанување на исплатата на обврските.<br><br>Одредени директори со партиска моќ, иако предупредени, што е видливо и од Записникот со бр. 08-1427/2 од 17.9.2024 година, дека фиксните трошоци од претходната проекција се разликуваат од доставените финансиски планови до Советот на Општина Кочани – по нив не постапиле.<br><br>Конкретно за ОУ „Никола Карев“: во истиот записник е констатирано дека е направена разлика од 1.760.000 денари! Наместо овие средства да бидат искористени за плаќање обврски кон КЈП „Водовод“, тие биле непродуктивно потрошени, на штета на сите други основни училишта. Ова е пример само за една година, а истото се случувало повеќе години наназад. Во 2021 година трошоците кон КЈП „Водовод“ со помош на Владата беа сведени на нула, а тие оттогаш па наваму успеале да ги зголемат само на 10,5 милиони денари.<br><br>Една од забелешките на пресот се однесува на користењето на геотермалната вода и нејзината топлина.<br><br>Топло препорачувам да си го проверат топлоизменувачот и да си го санираат проблемот. Ако биле незадоволни од услугата требало навреме да се откажат од неа, а не да штрајкуваат кога доаѓа време за плаќање.<br><br>Ги поканувам директорите, утре сабајле, 14 мај 2025 година, во 7:30 ч. да дојдат на состанок, да ги расчистиме дилемите.<br><br>Со почит,<br>Венко Крстевски,<br>в. д. градоначалник на Општина Кочани |
| | **В. д. градоначалникот Крстевски на средба со директорот на „Амфенол“ Наков и со жители на Тркање** |





Со цел ефикасно и ефективно да се реши проблемот со улицата „Мите Стојчев“ во селото Тркање, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски денеска одржа средба со директорот на „Амфенол технолоџи Македонија“ Сашко Наков и со жителите на Тркање.

Образложувајќи ги предлозите за решавање на проблемот, Крстевски изрази благодарност за општествената одговорност на „Амфенол“ и најави дека со поддршка од Советот на Општина Кочани, во наредниот период треба да се направи ребаланс на Буџетот за да се рехабилитира улицата „Мите Стојчев“ и да се започне постапката за изградба на пат за поврзување на месноста Цацков Бунар со постоечкиот алтернативен пат Кочани – Тркање.

Општина Кочани започнува со санирање на оштетените делови од улицата „Мите Стојчев“ во Тркање.

Жителите на Тркање коишто присуствуваа на состанокот се заблагодарија за разбирањето и поддршката од „Амфенол“ и Општина Кочани.





**Емилија Ѓорѓиева – нов в. д. директор на Детската градинка „Павлина Велјанова“**

Емилија Ѓорѓиева, психолог во ЈОУ Детска градинка „Павлина Велјанова“ е именувана за в. д. директор на оваа установа.

В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски истакна дека му е чест и задоволството што во наредниов период Ѓорѓиева ќе раководи со градинката. Очекува подобрување на организацијата на работењето, меѓучовечките односи, грижата кон најмладите.

Крстевски изрази надеж што поскоро да се одговори на потребата од згрижување на децата што се на листата на чекање за опфат во ДГ „Павлина Велјанова“, со ставање во функција на новиот објект „Детелинки“.

Ѓорѓиева доаѓа на директорското место по Јованка Ефтимова, која досега ја вршеше оваа должност.



**Едукација за поголема безбедност на младите во сообраќајот**

Општина Кочани, Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата – Кочани и МВР ОВР ПС Кочани одржаа едукативни предавања во двете средни училиште во Кочани како дел од кампањата за поголема безбедност на младите во сообраќајот – посветена на матурантите.

| | |
|---|---|
|  | Во рамките на предавањата, преку мултимедијална презентација, учениците матуранти од СОУ „Гошо Викентиев“ и СОУ „Ѓупчо Сантов“ непосредно се запознаа со ризиците од управување на возило под дејство на алкохол и практичните причини прославите да поминат без да се управува со автомобил.<br><br>На предавањата беше нагласено дека сообраќајната свест и безбедност зависи од секој од нас, за што е потребно одговорно однесување и почитување на сообраќајните правила и прописи. |
| <br><br> | **Словенечкиот амбасадор Прескер на средба со в. д. градоначалникот на Кочани Крстевски**<br><br>Вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски денеска го прими во официјална посета словенечкиот амбасадор Грегор Прескер.<br><br>Крстевски изрази голема благодарност за лекувањето во Словенија на повредените лица во неодамнешната трагедија, како и за сета досегашна поддршка на Кочани, истакнувајќи дека Република Словенија е наш репер во многу области на дејствување.<br><br>Амбасадорот Прескер ги нагласи можностите за учество на претстојни повици за апликации и подготвеноста Словенија да помага за различни приоритети на Кочани.<br><br>Меѓу повеќето области и надлежности на Општината, в. д. градоначалникот Крстевски ги истакна спортот и културата коишто во наредниот период треба низ различни форми да бидат што подостапни за младите – за да можат тие да се задржат на нашиве простори.<br><br>Во знак на натамошна успешна соработка Крстевски му подари на амбасадорот Прескер дрес на ФК „Осогово“. |
|  | **Крстевски на презентација на Програмата за поддршка и развој на Швајцарската Конфедерација**<br><br>Вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски ја продолжува соработката со најголемиот донатор на Општина Кочани – Швајцарската Конфедерација.<br><br>– Голема благодарност до швајцарската амбасадорка Вероник Улман за поканата на денешниот настан во врска со Програмата за поддршка и развој, 2025 – 2028 година.<br>Уште утре започнуваме постапка за добивање нови донаторски средства кои ќе бидат од големо значење во подобрување на условите на живеење за жителите на |

Кочани во делот на животната средина – најави Крстевски.

Со средства од Швајцарија, во кочанското село Мојанци е изградена Пречистителната станица за отпадни води, што е најголемата швајцарска донација досега во Македонија од областа на екологијата, во износ од 23,4 милиони швајцарски франци.





**Одбележан Денот на македонските пожарникари**

Територијалната противпожарна единица – Кочани го одбележа 20 Мај, Денот на македонските пожарникари. По тој повод во кругот на ТППЕ Кочани празникот беше одбележан со прогласување на најдобри пожарникар и доброволен пожарникар за 2024 година.

Наградата за најдобар пожарникар за 2024 година му припадна на Трифче Лефков од ТППЕ – Кочани, додека наградата за најдобар доброволен пожарникар ја доби Даниел Јорданов од ДПД – Кочани.

В. д. градоначалникот Венко Крстевски им го честита празникот на кочанските пожарникари, истакнувајќи ја важноста на нивната професија и најави дека со средства од Буџетот на Општина Кочани ќе се вработат двајца нови пожарникари, а во следниот период ќе бидат ангажирани и дополнителни сезонски обучени пожарникари заради зголемениот број интервенции во летниот период.

Крстевски информираше дека е започнат и процес на вештачење на сите интервенции на кочанската ТППЕ, при што согласно Законот за пожарникарство со помош на тоа вештачење ќе биде поднесено барање за исплата на средства од општините Зрновци и Чешиново –Облешево за реализирани противпожарни интервенции на територијата на соседниве општини.

На неодамнешната средба меѓу в. д. градоначалникот Венко Крстевски и словенечкиот амбасадор Грегор Прескер беше разговарано и за обезбедување донација на противпожарно возило кое ќе биде во служба на ТППЕ Кочани.

Командирот на ТППЕ – Кочани Драган Апостолов истакна дека во текот на 2024 година се регистрирани 329 интервенции за гасење на пожар и технички интервенции на територијата на Кочани, Чешиново-Облешево и Зрновци.





**Изложба по повод Меѓународниот ден на пчелата**

Пчеларското здружение „Матица“ од Кочани го одбележа Меѓународниот ден на пчелата во Центарот за култура „Бели Мугри“ во Кочани. Настанот беше посетен од в.д. градоначалникот Венко Крстевски кој истакна дека Општината и во иднина ќе ја дава поддршката на настани од ваков вид.

Настанот преку ликовни и литературни творби на ученици имаше за цел да ја поттикне свеста на најмладите генерации за значењето на пчелите како главни опрашувачи во природата, како и природните богатства на медот.

На изложбата беа претставени ликовни и литературни дела од ученици од основните кочански училишта и беа наградени најдобрите литературни творби на Катерина Стоилова, Дарија Иванова, Стефан Коцев и ликовните творби на Андреа Андоновска, Матеја Мицова и Милена Постолова.







**Групацијата „Алтернатива“ започнува со групни психоедукативни работилници**

Групацијата „Алтернатива“ ѝ нуди на кочанската заедница психоедукативна и психосоцијална поддршка. Тоа ќе го прави со работа во групи, категоризирани според потребите и засегнатоста од трагедијата што се случи на 16 март во Кочани.

За таа цел, синоќа се одржа средба со граѓани и професионалци на која беше претставен концептот на активностите и структурата на планираните групни работилници.

На средбата беше истакнато дека целта на стручните лица од „Алтернатива“ е да помогнат за безбедна, сигурна превенција од долгорочни последици, со техники полезни за справување со трауми.

Во дискусиите со присутните беше истакнат моментот дека во нашата средина недостига култура за справување со вознемирувачки настани, состојба којашто треба да се надмине. Не само семејствата на загинатите и повредените во пожарот, туку и сите професионалци што се соочиле со трагичниот настан – полицајци, медицински лица, пожарникари, новинари, можат да се вклучат во работилниците за да се справат со емоциите создадени од траумата.

Првата работилница ќе се одржи в сабота, 24 мај 2025 година, а заинтересираните можат да се пријават кај

| | |
|---|---|
| | локалната координаторка на „Алтернатива“, Кристина Димитрова, на телефонскиот број 078 313 306. |
|  | **Општина Кочани отуѓува седум парцели државно градежно земјиште од кои една со намена хотелски комплекс**<br><br>Општина Кочани ја распиша 40. објава за отуѓување градежно земјиште во државна сопственост, со која се ставени на продажба седум градежни парцели, од кои шест со намена индивидуално домување и една парцела за хотелски комплекс.<br><br>Две од парцелите за индивидуално домување се наоѓаат на улицата „Пиринска“, а по една на улиците „Крум Вранински“, „Боро Ефремов“, „Кирил и Методиј“ и „Боро Ловџија“. Површините се движат од 173 до 438 $м^2$.<br><br>Парцелата со намена хотелски комплекси се наоѓа на ул. „Лазар Андонов“ и е со површина од 12.058 $м^2$.<br><br>Рокот за пријавување за учество во електронското јавно наддавање е до 23 јуни 2025 г., а јавното наддавање ќе се одржи на 25 јуни.<br><br>Почетната цена за градежните парцели за индивидуално домување е 61 денар за квадратен метар, а за хотелски комплекс – 583 денари за квадратен метар.<br><br>Целосната објава за продажба на градежно земјиште во државна сопственост е поставена на огласната табла во дворот на општинската зграда и е објавена на веб-страницата на Општина Кочани, www.kocani.gov.mk. |

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**